# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА ДОГОВОРНИТЕ ОРГАНИ ВО ВРСКА СО ОДЛУКИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА „ЗАМРЗНУВАЊЕ“ НА ЦЕНИ НА ОДРЕДЕНИ ПРОИЗВОДИ

Владата на Република Северна Македонија донесе Одлуки за определување највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед.

Со одлуките се определуваат највисоките цени во трговијата на мало на одредени производи и се определува обврска на трговците, кои претставуваат правни и физички лица, кои се регистрирани за вршење на трговска дејност во соодветен регистар согласно со закон, како и трговците кои претставуваат правни и физички лица регистрирани за вршење производство.

Согласно горенаведеното, Бирото за јавни набавки, доставува известување до договорните органи, за тоа како да постапуваат согласно новодонесените одлуки од надлежните органи, а во врска со веќе склучените договори за јавни набавки, но и со договорите кои што се планираат да се склучат во периодот што следи.

Согласно член 117 став (1) и (3) од Законот за јавни набавки, договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда. На одговорноста на договорните страни за исполнување на договорните обврски, покрај одредбите од овој закон, соодветно се применуваат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Сепак, во текот на исполнувањето на договорите, можат да настапат околности кои го отежнуваат исполнувањето на договорите и кои може да предизвикаат потреба од нивно изменување или нивен престанок.

Имено, условите под кои може да се пристапи кон измени на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба, во текот на неговата важност, без спроведување на нова постапка за јавна набавка, се пропишани во член 119 од законот. Доколку во склучениот договор, не се предвидени одредби за корекција на цени или опции (можност која е дадена во член 119 став (1) точка 1 од законот), договорот за јавна набавка во услови на променети околности, би можел да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка доколку е исполнет основот од член 119 став (1) точка 5 од законот, односно доколку промената, без оглед на најзината вредност, не е од суштинско значење во смисла на ставот (4) од членот 119.

Со оглед дека терминот “околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди” не е законски дефиниран, се поставува прашањето кои се тие околности кои можат да доведат до измена на договорот без притоа да се спроведе нова постапка. Меѓународната пракса укажува дека овие околности мора да бидат оправдани од фактот дека не можеле да бидат предвидени од страна на договорниот орган и покрај внимателната подготовка на постапката преку која бил доделен првичниот договор, земајќи ги предвид природата и карактеристиките на предметот на набавка, добрите практики поврзани со предметот на набавка и слично. Користењето на оваа можност за измена на договорот значи и обврска за договорниот орган да го докаже постоењето на непредвидливите околности согласно со ставот (8) од претходно наведениот

Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

член. Притоа, поимот „околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди“ мора строго да се толкува.

Одговорот на ова прашање би можел да се најде и во Законот за облигациони односи, односно во институтите “променети околности” и “виша сила”.

За променети околности согласно член 122 став (1) од Законот за облигационите односи, се сметаат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната страна или поради нив не може да се оствари целта на договорот. Во случај на променети околности страната кај која се појавиле може да побара раскинување на договорот. Договорот може да се одржи во сила ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Додека, виша сила согласно член 126 став (1) од ЗОО, е вонреден настан, кој се случил по склучувањето на договорот, а пред втасувањето на обврската, што во времето на склучувањето на договорот не можел да се предвиди ниту договорната страна можела да го спречи, избегне или отстрани и за кој не одговара ни едната ни другата страна. Може да се заклучи дека вишата сила е уредена како објективен, вонреден настан кој се случил по склучувањето на договорот, а пред втасаноста на обврската. Покрај овие услови неопходно е истиот да не можел да се предвиди, спречи, избегне или отстрани и за него да не постои одговорност на било која од договорните страни. Само со кумулативно исполнување на овие „својства“ ќе стане збор за настан поради кој исполнувањето на обврската на едната страна станува невозможно, заради што пак обврската на другата страна се гасне. Прашањето дали во конкретен случај ќе постои или нема да постои виша сила ќе зависи од сите околности на тој случај.

Во ова време кога непредвидените околности доведуваат до глобално нарушување на синџирите на снабдување, кога цените на производите континуирано растат, кога настануваат околности како резултат на виша сила, кога технологијата вртоглаво брзо се менува и развива, пожелно е договорните органи да ја користат можноста која ја дава одредбата од член 119 став (1) точка 1 од законот, и која им овозможува во тендерската документација и во договорот да предвидат одредби за корекција на цени или опции, односно да се обидат однапред да предвидат што е можно повеќе околности кои би можеле да се појават и за кои би било потребно измена на договорот за време на неговата важност.

**Имајќи го предвид изнесеното, како и одредбите од Законот за облигациони односи, согласно кој вишата сила може да биде предизвикана и од човекови дејствија, односно донесени акти и одлуки од надлежни органи, (во конкретниов случај „замрзнување на цени“ на одредени производи), сметаме дека договорните органи, измените на договорите за јавна набавка треба да ги направат во согласност со одлуките на надлежните институции и предвидените мерки со нив.**

**Дополнително, за постапките за јавни набавки кои што следат, препорачуваме договорните органи во тендерската документација (како и во договорот) да предвидат одредби за корекција на цени или опции при што со нив може да биде наведен обемот и природата на можните измени, како и условите под кои може да се користат. Овие одредби овозможуваат измена на договорот во текот на неговата важност, но не смеат да имаат за последица суштинска промена на природата на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба.**

Истовремено, Ве известуваме дека повеќе информации во однос на прашањата за измена на договорите може да најдете на веб страницата на Бирото за јавни набавки, во Прирачникот за измена на договорите, објавен во делот Публикации/Прирачници за јавни набавки,достапен на следниов линк: https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2022/06/Priracnik-za-izmena-na-dogovorite.pdf,како и Правното стручно мислење од Правниот факултет, објавено во делот Публикации/Правни мислења, достапен на следниов линк: https://www.bjn.gov.mk/category/pravni-mislenja/.

Со почит,
Биро за јавни набавки

Министерство за финансии
Биро за јавни набавки